20261341926

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за урбанистичко планирање што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

Бр. 08-4049/1
11 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) членот 49-а се менува и гласи:

„По исклучок од членот 49 од овој закон, постапката за изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точка 5 од овој закон, кои се однесуваат на сите градби за производство и складирање на енергија, градби за чување и складирање на дигитални податоци како и придружните објекти и инфраструктурата кои се неопходни за непречено функционирање на овие градби, се состои од задолжително спроведување на јавна презентација која изнесува најмногу 10 дена, врз основа на претходно објавен општ јавен повик во времетраење од најмногу пет дена пред денот на одржувањето на јавната презентација. Јавната презентација и општиот јавен повик ги спроведува, односно објавува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. За јавната презентација се изготвува извештај од страна на стручна комисија формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, при што доколку од јавната презентација произлезе потреба од измена на предложеното планско решение, стручната комисија дава насоки за истото во самиот извештај.“.

Член 2

Во членот 54 ставот (1) се менува и гласи:

„Земјиштето во планскиот опфат на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 1, 3, 4 и 5 од овој закон, добива статус на градежно земјиште со донесувањето на планот, а земјиштето во проектниот опфат на урбанистичките проекти од членот 58 ставови (6) и (8) од овој закон, добива статус на градежно земјиште со нивното одобрување. По исклучок, урбанистички планови и урбанистички проекти со намена фотоволтаични централи за производство за електрична енергија може да се изработуваат на земјоделско земјиште само во согласност со закон.“.

Член 3

Во членот 62 ставот (10) се менува и гласи:

„Надлежниот орган од ставовите (7) и (8) на овој член, го одобрува урбанистичкиот проект во рок од 15 работни дена од доставувањето на барањето, по добиеното позитивно мислење од комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. По исклучок, урбанистичкиот проект од членот 58 став (6) од овој закон, пред да го одобри надлежниот орган го става на увид на јавноста со неговото објавување на службената веб- страница во времетраење од најмногу 10 дена. Доколку од јавниот увид произлезе потреба од измена на предложеното проектно решение, комисијата за урбанизам дава насоки за истото во извештај, кој му го испраќа на изработувачот на урбанистичкиот проект за да ги вгради во планско-проектната документација.“.

Член 4

Започнатите постапки за донесување на урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистичко-плански документации, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ја поминале фазата на стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа, увид на јавноста, односно јавна анкета и јавна презентација, ќе продолжат согласно со одредбите по кои биле започнати, а започнатите постапки за донесување на урбанистичко-плански документации, урбанистички планови и урбанистички проекти кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не ја поминале фазата на стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа, увид на јавноста, односно јавна анкета и јавна презентација, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.